Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 06.11.2015 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11 | 6399 | 1 | |

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

Врз основа на член 28 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

# ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

**1. Програмскиот надзор се врши како:** **вонреден**

**2. Субјекти на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво кабловска телевизија РОБИ ДООЕЛ Штип, со подружница во Неготино - аналоген пакет

Надзорот се изврши во соработка со Координативното тело при Влада на Република Македонија, Агенција за електронски комуникации, Државен пазарен инспекторат, Управа за јавни приходи и Министерство за внатрешни работи.

**3. Датум на извршување на надзорот:** 05.11.2015 година.

**4. Предмет на надзорот:**

- Надзорот се врши со цел да се констатира дали операторот врши реемитување на програмски сервиси без издадена потврда за регистрација на пакет програмски сервиси.

**5. Претходно изречена мерка:**

5.1. Решение за опоменување и за исклучување на реемитувањето на програмски сервиси Уп.1 бр.11-428 од 17.02.2015 година издадено врз основа на Писмениот извештај за извршен програмски надзор на бр.11-1125/1 од 12.02.2015 година.

Решението е уредно примено на 20.02.2015 година.

**6. Констатации од надзорот:**

Со вонредниот надзор врз операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Трговско радиодифузно друштво кабловска телевизија РОБИ ДООЕЛ Штип - аналоген пакет е констатирано прекршување на член 141 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**7. Констатации од надзорот:**

Со надзорот беше констатирано дека овој оператор на подрачјето на Неготино во својот аналоген пакет ги реемитува програмските сервиси Boomerang и Cartoon Network, кој што не се регистрирани во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиуми услуги, што е спротивно на член 141 од Законот за аудио и аудиовизулени медиумски услуги.

**8. Предлог мерка:**

Поради тоа што операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Трговско радиодифузно друштво кабловска телевизија РОБИ ДООЕЛ Штип продолжува со вршење на истата повреда на Законот за која е опоменет Директорот на Агенцијата да поднесе барање за поведување прекршочна постапка.

**Одделение за заштита на авторски права, Сектор за стратешко планирање и авторски права**